Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008

Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството",* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ МЕХАНИЗАЦИЈА ВО ГРАДИНАРСТВОТО И ЦВЕЌАРСТВОТО ОД ПРОФ. Д-Р РИСТЕ КУКУТАНОВ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ - СТРУМИЦА И АСС. М-Р ИЛЕ ЦАНЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Штип, на седницата одржана на 19 март 2008 година, донесе Одлука (број 0210/80/1) за издавање на учебник по предметот Механизација во градинарството и цвеќарството.

Наставно-научниот совет на својата Четврта седница, одржана на 19 март 2008 година, донесе Одлука за избор на рецензенти за преглед и рецензија на учебникот ***„Механизација во градинарството и цвеќарството"*** од проф. д-р Ристе Кукутанов и асс. м-р Иле Цанев. Со Решение (број 0210/80/2) **проф. д-р Мите Стаменковски** и **проф. д-р Живко Давчев** од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се избрани за рецензенти на ракописот на наведениот учебник. По прегледување на ракописот, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот на учебникот ***„Механизација во градинарството и цвеќарството"*** е напишан на 240 страници, А4-формат, технички уреден на компјутер со вообичаен прород и со големина на буквите 12. Целокупниот материјал е напишан во вид на постојан учебник, наменет за студентите од насоката Градинарство и цвеќарство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и студентите при Земјоделскиот факултет - Штип, со фонд на часови 3+2.

Целокупната материја што е опфатена во овој учебник има и научно-апликативен карактер и како таква многу ќе им послужи на младите земјоделски инженери, како основна појдовна материја за помош во практиката, при изучување и осознавање на практичните актуелности и проблеми при примената и одржувањето на земјоделските машини во производни услови во градинарството и цвеќарството.

На 240 страници се опфатени 12 поглавја:
- Вовед (стр. 2)
- Објаснување на поимите (стр. 3-4)
- Машини за обработка на почвата (стр. 5-53)
- Машини за ѓубрење во градинарството и цвеќарството (стр. 54-72)
- Машини за сеидба во градинарството и цвеќарството (стр. 73-99)
- Машини за садење и расадување во градинарството и цвеќарството (стр.100-108)
- Машини за заштита во градинарството и цвеќарството (стр.109-143)
- Машини за наводнување во градинарството и цвеќарството (стр.144-165)
- Машини за берба во градинарството и цвеќарството (стр.166-205)
- Транспортни средства во градинарството и цвеќарството (стр. 206-219)
- Машини за манипулација на градинарски плодови (стр. 220-233)
- Машини и опрема за одржување на паркови и зеленила (стр. 234-239)
- Литература (стр. 240).

Во ракописот се изнесени 2 табели и 213 слики. Целокупната материја во ракописот е опишана во 12 поглавја, при што на крајот е изнесена и литература од којашто се гледа дека коавторите користеле 17 научно-стручни изданија, голем број на стручни списанија и сопствени научноистражувачки сознанија од различни области во земјоделското

производство и сопствени искуства од областа на градинарството и цвеќарството.

Целокупната материја претставува детален опис на карактеристиките на експлоатација и примена на различни видови на машини, како и линии на машини кои имаат примена во класичната и современа производна технологија во градинарството и цвеќарството.

Целокупната материја е опишана во 12 презентирани поглавја, каде што се опфатени машините за основна обработка и за дополнителна обработка, кои во денешно време се применуваат кај нас како класична и како идна техника за овие работни процеси. Авторите ова поглавје го опишале на сликовит начин, практично и едноставно, со детална анализа и карактеристики на експлоатацијата на овој вид на машини, применети во градинарството и цвеќарството.

Во поглавјата 4, 5, 6, 7 и 8 се наведени машините и опремата кои се користат во поединечните работни процеси како редовни работни процеси, во класична и современа производна технологија, во отворени и затворени простори на стопанисување, во градинарското и цвеќарското производство. Презентирани се различни видови на машини кои се применуваат за извршување на овие работни процеси, со детален опис, време и начин на примена во различни работни процеси.

Посебно е посветено внимание на економичноста на нивната примена, на некои линии на машини, споени во примената во вид на интегрална техника.

Во поглавјето 9 описно се опфатени различни видови на машини за берба на различни земјоделски култури од градинарството, кои служат за полумеханизирано или механизирано извршување на овој работен процес. Наведени се машини за берба на помали површини, но и машини кои имаат современа конструкција, наменети за поголеми површини, и како такви треба да се применуваат во период кога кај нас ќе се создадат поволни услови, бидејќи прибирањето на реколтата е тежок, бавен и скап работен процес. Авторите му посветиле посебно внимание во ова поглавје, со цел да им ги презентираат овие машини на сликовит начин на нашите стручни лица на кој начин овој работен процес да се олесни и изврши поекономично.

Посебно внимание е посветено на транспортот, примената на транспортните средства во градинарско-цвеќарското производство, со посебен акцент на машините и опремата во отворени, но и во затворени простории.

Во поглавјето 11 се презентирани машините за калибрирање и сортирање, амбалажирање и пакување, кои имаат за цел финализација и подготовка на различни видови на зеленчуци за на пазар. На ова поглавје авторите му посветиле посебно внимание, бидејќи ги согледале актуелните проблеми во градинарското производство, што моментно ги има кај нас и имаат презентирано и земале предвид различни видови на машини и видови на линии-машини, кои имаат за цел навремено и квалитетно извршување на овој работен процес.

Во поглавјето 12 е презентирана целокупната опрема што е специфична во примената на различни видови на паркови и зеленила. Со посебен акцент и внимание за сите видови на машини, авторите дале приказ на нивната примена во паркови и зеленила, а сè со цел поединечните машини да бидат искористени и во градинарското производство и при одржување на зелените површини.

Во ова поглавје се опишани машините и опремата која што има примена во подготовката, одржувањето и декорацијата на парковите и зеленилата во урбаните средини.

Во сите поглавја материјата е добро опишана, при што стручните лица можат да ги добијат одредените описи и експлоатациски параметри на различни видови на погонски и приклучни машини, кои се применуваат во одреден работен процес. Оваа материја им дава основа на стручните лица лесно да ја совладаат и полесно да ја применат, според условите на работа и технолошкиот процес, а сè со цел да организираат интензивно и економично земјоделско производство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По деталниот и целосен преглед на ракописот, во првата фаза рецензентите им дадоа на авторите одредени забелешки и сугестии за одделни поглавја кои беа коригирани, дополнети, а сè со цел таквите поглавја да бидат подобро презентирани и полесни за изучување. Притоа авторите уредно постапија и ги прифатија забелешките како добронамерни.

Со овој учебник, авторите им даваат можност на нашите студенти да добијат еден учебник од оваа особено значајна област од земјоделските науки, којшто е напишан на едноставен и разбирлив стил и може да се примени во наставата со современи методолошки мерки. Целокупната материја е опишана на сликовит начин, при што сликовитиот приказ на машините би им олеснил и овозможил на студентите лесно да ја разберат материјата.

Како рецензенти би сакале да го истакнеме големото значење на оваа материја и за стручните лица кои работат во пракса и им е овозможено преку оваа стручна литература да ја олеснат работата поединечно, во секој работен процес, и при експлоатацијата на машино-тракторскиот парк.

Врз основа на претходно изложеното, му предлагаме до Наставно-научниот совет при Земјоделскиот факултет во Струмица, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, учебникот под наслов ***„Механизација во градинарството и цвеќарството”***, од авторите **проф.д-р Ристе Кукутанов** и **асс. м-р Иле Цанев**, да се печати како **постојан учебник.**

**Рецензенти**
**Проф. д-р Мите Стаменковски**
**редовен професор во пензија, с.р.**

**Проф. д-р Живко Давчев**
**редовен професор, с.р.**